СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ, ЦЕЛИ И ВИДОВИ НА ЦЕНТРИ, АКАДЕМИИ И ШКОЛИ ЗА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР И ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ

- компаративен преглед -

Александра Стојановска Бизевска

Советник - истражувач по владеење на правото и демократија

март 2024 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ........ 2
ВОВЕД........ 3
I. Република Северна Македонија........ 3
II. Република Србија ........ 5
III. Република Хрватска ........ 6
IV. Република Словенија ........ 7
V. Република Полска........ 8
VI. Република Австрија ........ 10
VII. Сојузна Република Германија........ 11
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ........ 13

**РЕЗИМЕ**

Со оваа истражувачка работа, која опфаќа анализа на седум држави и тоа Северна **Македонија, Србија, Хрватска, Словенија, Полска, Австрија и Германија**, се анализира **системот на уредување и спроведување на обуките за јавниот сектор и стручното усовршување на државните службеници**. Се разгледува новиот Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници во Северна Македонија, кој е сè уште во форма на предлог-закон, доставен до Собранието. Во тој се предлага формирање на **Агенција за обука на административните службеници**, која би била надлежна за спроведувањето на обуките на вработените во административниот сектор и стручното усовршување на државните службеници, кои во моментот се уредени со Законот за административни службеници. Со оглед на фактот што стручното усовршување и обуките на административните службеници претставуваат не само право, туку и обврска, од големо значење е искуството на уреденост по ова прашање во други држави. Од анализата се изведува заклучок дека во сите од наведените држави постои воспоставен систем за обука на јавниот сектор и стручно усовршување на државните службеници, преку форми на воспоставени Академии, училишта и центри за обука и дообразување на вработените во јавните служби. Како академии се среќаваат во Србија, Словенија, Австрија и Германија, и предлог за основање во Северна Македонија, додека пак, именувани како училишта се во Хрватска и Полска. Разликата е само во воспоставениот назив, но во поглед на главната улога и Академиите и училиштата ја имаат истата задача, **стручно усовршување** на административните службеници и подигање на нивото и квалитетот на знаењата, вештините и способностите, со цел формирање на професионален, ефективен и ефикасен јавен сектор. Ваквите установи се формирани согласно различни правни основи и процедури. Во Северна Македонија, Академијата е предвидена со новиот **предлог-закон**, во Србија е основана со **Законот за национална Академија**, во Хрватска со **Уредба за основање на Државно училиште за јавна администрација**, а пак во Полска, Националната школа е формирана со **Резолуција на Советот на министри**. Во Германија академијата функционира како независен орган од Сојузното министерство за внатрешни работи. Сличности во однос на **органите** во овие институции се среќаваат во Северна Македонија и Србија, со воспоставени програмски совет и испитни комисии, во Хрватска, Полска и Германија со воспоставени совети, Хрватска и Словенија со воспоставен Управувачки одбор, додека пак во Австрија надлежен е Секторот III/6 на Сојузното Министерство за уметност, култура, јавна служба и спорт со своја кадровска поставеност и организација. **Обуките за стручно усовршување** на административните службеници се различно поставени во сите држави, како и различно предвидени и именувани, но најголеми сличности со обуките предвидени во нашиот предлог-закон, а тоа се генерички и специјализирани, има со Хрватска и тие се заеднички или посебни, и дел од обуките на Полска, именувани како отворени обуки, затворени обуки (специјализирани) и генерички обуки.

## ВОВЕД

**Предмет** на оваа истражувачка работа се **академиите, школи и центри за обуки за јавниот сектор** во анализираните држави. Имено, секоја од анализираните држави има воспоставено институција, која независно од називот на академија, школо или центар за обуки, има **главна цел, професионализација, усовршување и градење на нови знаења и вештини на вработените во јавниот сектор**. За таа цел се формираат владините **институции за обуки**, чија задача е да го подобрат капацитетот на јавните службеници, да го усовршат лидерството, политиката и предизвиците со кои се соочуваат. Ваквите академии, школи или центри, преку нивните програми за учење и обука, директно и индиректно, вршат **поттикнување на култура на учење која придонесува за ефективноста на државните служби и нивна ефикасност**. Меѓутоа, за да останат релевантни и одговорни, училиштата исто така треба да ги приспособат своите програми за променливите потреби на владите и државните службеници. Владите за спроведување на политиките и програмите имаат корист од добро обучени и мотивирани кадри во администрацијата, а во отсуство на кои, владите може да се соочат со тешкотии во спроведување на нивните програми и приоритети. **Добро обучената јавна служба обезбедува гаранција и заштита на административни правила и прописи**, што е важно за стекнување на довербата на јавноста во владата. Општо земено, добро обучен и мотивиран службеник е основа за обезбедувањето на основните јавни задачи и на заштита на заедничките вредности.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I. Република Северна Македонија

Во Република Северна Македонија, во постапка за донесување е поднесен Предлог законот за стручно усовршување и обука на административните службеници. Со овој закон се уредува нова нормативно правна и институционална поставеност во системот на уредување на правата и обврските на административните службеници, со цел сеопфатно системско уредување на односите на ова прашање. Под сеопфатното системско уредување се планира и формирање на **Агенција за обука на административните службеници**, како институција надлежна за спроведување на законот. Цели на предлог законот се:

- уредување и дефинирање на стручното усовршување и обука во администрацијата преку суштински и целосен опфат на сета негова сложеност;
- обезбедување на квалитетно, професионално, непристрасно, ефективно и ефикасно работење на административните службеници согласно со Уставот на Република Северна Македонија и со закон преку нивно постојано стручно усовршување и обучување
- уредување на начинот на организирање и спроведување обуката на административните службеници;
- основањето, надлежностите, организацијата и работењето на Агенција за обука на административните службеници;

- како и други прашања од значење за стручното усовршување на административните службеници. [1]

**Органи и стручни тела** на Агенцијата се директор и заменик-директор, Програмски совет и испитни комисии.[2] **Обуките во Агенцијата ги спроведуваат** обучувачи, кои се стручни лица за спроведување на програмите за обука. Обучувачи можат да бидат домашни и странски лица, како: раководни административни службеници, членови на универзитетската заедница, носители на дејност утврдени со закон, судии, адвокати, лица од стопанската заедница и од невладиниот сектор. За обучувач може да биде определено лице кое има најмалку пет години работно искуство од областите опфатени со програмите за обука во Агенцијата.[3] **Вработените во Агенцијата**, освен помошно-техничките лица, имаат статус на државни службеници.[4] Агенцијата самостојно ги спроведува утврдените програми за обука, а доколку нема соодветни обучувачи или нема доволен број на обучувачи, или доколку со тоа се намалуваат трошоците без при тоа да се има влијание на квалитетот, програмата може да се изведува во соработка со јавно признати организатори на активности на образование на возрасни и други спроведувачи на обуки, акредитирани во согласност со закон.[5] **Средствата за финансирање** на работата на Агенцијата се обезбедуваат во Буџетот на Република Северна Македонија.[6] **Обуките за стручно усовршување** на административните службеници можат да бидат генерички и специјализирани. Генеричките обуки се задолжителни и се организираат за стручно усовршување на сите административни службеници од основните области на административното работење. Специјализирани обуки се специфични обуки од конкретни области на административното работење. Учеството во обуката преставува право и обврска на административните службеници.[7] За изработка и спроведување на генеричките обуки се обезбедуваат средства од буџетот на Агенцијата, а за спроведување на

[1] II. Цели, начела и основни решенија на предлогот на Закон, Предлог на Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници, интернетска страница на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92 пристапено на 28.2.2024

[2] Членови 7-13 од Предлог-законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, интернетска страница на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92 пристапено на 28.2.2024

[3] Член 14, став 1, 2 и 3 од Предлог-законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, интернетска страница на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92 пристапено на 28.2.2024

[4] Член 16, став 1 од Предлог-законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, интернетска страница на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92 пристапено на 28.2.2024

[5] Член 19 од Предлог-законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, интернетска страница на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92 пристапено на 28.2.2024

[6] Член 21 од Предлог-законот за стручно усовршување и обука на административните службеници- Интернетска страна на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92 пристапено на 28.2.2024

[7] Членови 22-24 од Предлог-законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, интернетска страница на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92 пристапено на 28.2.2024

специјализираните обуки од буџетот на институцијата во која е вработен административниот службеник упатен на обука.[8]

## II. Република Србија

**Националната академија за јавна администрација** е централна институција на системот за професионална обука во јавната администрација на Република Србија, со статус на јавно признат организатор на активности за неформално образование за возрасни. Основана е со **Законот за Националната академија за јавна администрација**, а започнува со работа во јануари 2018 година. Работата на Националната академија за јавна администрација е под надзор на Министерството за државна администрација и локална самоуправа.[9] Академијата врши **дејности** за:

1. систематско собирање и обработка на податоци поврзани со унапредување на работата и стручните капацитети на јавната администрација и податоци кои се важни за развој, подготовка, имплементација, верификација и евалуација на програмите за професионален развој и управување со соодветна документарна информативна база;
2. создавање и развој на методологија и стандардни инструменти за подготовка и имплементација на програми за стручно усовршување;
3. акредитација на програми за стручно усовршување во јавната администрација;
4. акредитација на обучувачи во јавната администрација;
5. изготвување, спроведување и развој на општи програми за стручно усовршување и програми за обука на менаџери;
6. давање стручна помош и координација на задачите поврзани со подготовка и со спроведување на посебни програми за стручно усовршување на носителите на обврската за изготвување и спроведување на тие програми;
7. спроведување на други програми за стручно усовршување, утврдени во согласност со закон;
8. подготовка и спроведување на програми за обука на предавачи, ментори, тренери и останите креатори на програми за професионална обука, како и нивен избор и акредитација;
9. следење на ефектите од спроведувањето на програмите за стручна обука и развој;
10. соработка со службата, односно органот надлежен за управување со персоналот, односно стручното усовршување на вработените во автономните покраини и единиците на локалната самоуправа;
11. истражувачка и аналитичка работа и соработка со научни организации;
12. учество во воспоставување и одржување на соработка со домашни, странски и меѓународни институции, организации и здруженија и управување со меѓународни проекти за поддршка во работата.
13. грижа за зачувување на материјалите подготвени како дел од програмата за стручно усовршување, организација и чување на библиотечно-информативен

[8] Член 27 од Предлог законот за стручно усовршување и обука на административните службеници, интернетска страница на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92 пристапено на 28.2.2024

[9] Интернетска страница на Националната академија за јавна управа на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/34/o-nama.php пристапено на 1.3.2024 година

материјал и медиумска библиотека, литература, предавања, дидактички материјали, презентации и други релевантни документи кои произлегуваатод процесот на стручно усовршување;
14. издавање публикации и вршење на други издавачки работи;
15. други работи утврдени со закон.[10]

**Посебни стручни органи** на Националната академија се Програмскиот совет и постојаните програмски комисии.[11] **Националната академија, самостално ги спроведува обуките**, но доколку нема соодветени предавачи или доволен број соодветни предавачи, може да ги спроведува и во соработка со други инстутции кои имаат дозвола за спроведување на образование на возрасни или со други спроведувачи на обуките, а кои се во согласност со овој закон и се акредитирани од Националната академија.[12] За спроведување на програмата за обука може да се акредитираат лица кои ги исполнуваат условите во однос на потребниот профил, простор, опрема и средства.[13] **Средствата за финансирање** на Академијата се обезбедуваат од:

- буџетот на Р. Србија за општи трошоци за работна сила и
- буџетот на Република Србија, буџетот на автономната покраина, буџетот на локалната самоуправа и финансискиот план на органи и организации и за програми за обука и други професионални задачи поврзани со програми за обука што се спроведуваат во јавната администрацијата.[14]

**Обуки** за административните службеници, за 2024 година, а кои ги спроведува Академијата се:

- Општа програма за обука на државни службеници;
- Програма за обука на менаџери во државни органи;
- Програма за општа обука за вработените во единиците на локалната самоуправа и
- Програма за обука на раководители во единиците на локалната самоуправа.[15]

## III. Република Хрватска

[10] Член 4 од Законот за Националната академија за јавна администрација на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/67/zakon-o-nacionalnoj-akademiji-za-javnu-upravu.php пристапено на 1.3.2024 година
[11] Член 7 од Законот за Националната академија за јавна администрација на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/67/zakon-o-nacionalnoj-akademiji-za-javnu-upravu.php пристапено на 1.3.2024 година
[12] Член 6 став 1 од Законот за Националната академија за јавна администрација на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/67/zakon-o-nacionalnoj-akademiji-za-javnu-upravu.php пристапено на 1.3.2024 година
[13] Член 6, став 3 од Законот за Националната академија за јавна администрација на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/67/zakon-o-nacionalnoj-akademiji-za-javnu-upravu.php пристапено на 1.3.2024 година
[14] Член 11, став 1 и 2 од Законот за Националната академија за јавна администрација на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/67/zakon-o-nacionalnoj-akademiji-za-javnu-upravu.php пристапено на 1.3.2024 година
[15] Интернетска страница на Националната академија за јавна администрација на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/49/godisnji-programi-obuka-naju.php пристапено на 1.3.2024 година

**Државното училиште за јавна администрација** во Хрватска е надлежно за стручно оспособување и усовршување на државните и јавните службеници и вработените со јавни овластувања, избраните функционери и функционерите во органите на локалната и регионалната самоуправа, како и образованието на возрасните. **Целта** на ова училиште е трајно подигање на нивото и квалитетот на знаењата, вештините и способностите, со цел формирање на професионален, ефективен и ефикасен јавен сектор кој ќе обезбедува навремени и квалитетни јавни услуги, во согласност со најдобрите општо прифатени стандарди.[16] Државното училиште за јавна администрација е формирано со донесена **Уредба за основање на Државно училиште за јавна администрација**. Училиштето е одговорно за својата работа пред Министерството за правда и администрација.[17] Државното училиште врши **дејности** за:

- развој и координација на системот за обука и развој на вработените во телата од јавната управа;
- развој и спроведување на програми за обука и развој во согласност со развојните приоритети на јавната администрација;
- проценка и анализа на потребите за обука и развој во јавната администрација;
- зајакнување на мрежата на обучувачи, експерти и организации кои развиваат и спроведуваат програми за обука и подобрување и учествуваат во активностите на Школата на полето на зајакнување на административните капацитети во јавната администрација.

**Обуките** за административните службеници може да бидат: заеднички или посебни.[18]

**Органи** на Државното училиште се Управниот одбор и Стручниот совет.[19]

## IV. Република Словенија

**Административната академија** е внатрешна организациска единица на Министерството за јавна администрација. Академијата е одговорна за подготовка и спроведување на различни курсеви за обука и стручни испити за вработените во јавниот сектор за подобрување на нивните професионални компетенции, ефикасноста на нивната работа и нивниот персонален развој.

[16] Интернетска страница на Државното училиште за јавна управа на Хрватска https://www.dsju.hr/dsju-o-nama/#djelatnost пристапено на 1.3.2024 година
[17] Интернетска страница на Министерството за правда и администрација на Хрватска https://mpu.gov.hr/gradjani-21417/iz-djelokruga/strucno-osposobljavanje-i-usavrsavanje-24389/drzavna-skola-za-javnu-upravu-24392/24392 пристапено на 1.3.2024 година
[18] Интернетска страница на Министерството за правда и администрација на Хрватска https://mpu.gov.hr/strucno-osposobljavanje-i-usavrsavanje-24389/24389 пристапено 5.3.2024 година
[19] Интернетска страница на Државното училиште за јавна администрација на Хрватска https://www.dsju.hr/dsju-o-nama/ пристапено на 1.3.2024 година

Основана во 1997 година, работи како орган на Министерството за јавна администрација од 2014 година.[20]

**Обуките** се поделени на три вида, и тоа:

**Обуки реализирани во редовна процедура**:

- задолжителна обука за именување на регулирана работна позиција;
- семинари и работилници (за законодавство, систем на државни служби, јавни финансии, управување со податоци, стекнување различни вештини);
- курсеви за странски јазици.

**Проектна обука:**

- работилници од областите: обука за управување со администрација, обука на вработени со човечки ресурси, дигитални компетенции, интегритет во јавната администрација, подобри регулативи, квалитет и управување со проекти, интерперсонални вештини, благосостојба, обука за постарите вработени.

**Стручни испити** и подготовка за нив:

- стручен испит во управна постапка;
- стручен испит за инспектор;
- испит за спроведување и одлучување во прекршочна постапка;
- стручен испит за безбедност и здравје при работа.[21]

## V. Република Полска

**Националната школа за јавна администрација** е основана со резолуција на Советот на министри на Полска на 30 мај 1990 година. Школата имала важна улога во реформите на јавната администрација и во градењето независна и професионална државна служба во демократска Полска и прво воспоставување од ваков вид системско решение во земјите од поранешниот комунистички блок. Школата има одговорност пред премиерот, согласно Законот за Националната школа за јавна администрација од 14 јуни 1991 година.[22] Националната школа за јавна администрација „Лех Качински“ има значаен придонес во постигнувањето на уставниот принцип на професионализам во полската јавна администрација. Школата организира и изведува (доживотна) обука во рамките на јавната администрација, нуди обуки со полно работно време и соработува на меѓународно ниво со своите партнери (државни училишта во странство, други земји, меѓународни организации).[23] **Мисијата** на школата е да ги обучува и

[20] Интернетска страница на Министерството за државна администрација на Словенија - Дирекција за квалитет - Административна академија https://ua.gov.si/o-nas/o-upravni-akademiji/ пристапено на 1.3.2024 година

[21] Интернетска страница на Административната академија на Словенија https://www.gov.si/en/state-authorities/ministries/ministry-of-public-administration/about-the-ministry/directorate-of-quality/administration-academy/ пристапено на 1.3.2024 година

[22] Интернетска страница на Националната школа за јавна администрација на Полска https://ksap.gov.pl/ksap/en/history-of-ksap пристапено на 5.3.2024 година

[23] Интернетска страница на Владата на Полска https://www.gov.pl/web/civilservice/ksap-en пристапено на 5.3.2024

подготвува државни службеници и ресурси за повисоките државни позиции во администрацијата на Полска. **Целта** е создавање на јавен сервис составен од службеници кои би биле:

- непристрасни;
- политички неутрални;
- професионални;
- компетентни;
- ефективни и
- одговорни за задачите што им се доделени.

Ваквата цел се остварува преку соработка со висококвалификуван кадар од предавачи, кои се и експерти и практичари.[24] **Органи** на школата се Директор и Советот на школата. Советот е составен од претставници на највисоките органи на државната управа, министри на одредени министерства, како и истакнати претставници на науката, практиката и круговите за креирање на јавно мислење, назначени од премиерот.[25] **Обуките** за административните службеници кои се спроведувани од школата се:

- отворени обуки;
- затворени обуки (специјализирани);
- генерички обуки;
- континуирани форми на обука и
- јазични курсеви.[26]

Во насока на подобрување и усовршување на капацитетите и работата на јавната администрација, на 30 септември 2011 година, усвоена е иницијативата за **Академија за јавна администрација на источно партнерство**. Целта на Програмата е да се зајакне јавната администрација во земјите од Источното партнерство преку организирање специјализирани модули за обука за службеници од земјите партнери: Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина. Програмата предвидува организација на обука во рамките на тематски модули: јавно-приватно партнерство, социјална комуникација, економија во јавниот сектор, менаџмент во јавната администрација (вклучувајќи управување со проекти), локална самоуправа, европска интеграција, институции и право на Европската унија, државна служба. Секој модул вклучува предавања и работилници спроведени од искусни експерти и практичари. Програмата е финансирана од полските фондови за развојна соработка имплементирани преку полското Министерство за надворешни работи.[27] Школата исто така има повеќе реализирани, како и тековни проекти, од меѓународен карактер, како и финансирани од различни европски фондови и институции. Проектите се од различни области, но сите се однесуваат на полскиот јавен сектор.[28] Школата

година

[24] Интернетска страница на Националната школа за јавна администрација на Полска https://ksap.gov.pl/ksap/en/mission пристапено на 5.3.2024

[25] Интернетска страница на Националната школа за јавна администрација на Полска https://ksap.gov.pl/ksap/ksap/wladze-ksap пристапено на 5.3.2024

[26] Интернетска страница на Националната школа за јавна администрација на Полска https://ksap.gov.pl/ksap/szkolenia/szkolenia пристапено на 5.3.2024

[27] Интернетска страница на Националната школа за јавна администрација на Полска https://ksap.gov.pl/ksap/wsparcie-administracji/projekty-finansowane-z-budzetu-panstwa пристапено на 5.3.2024

[28] Интернетска страница на Националната школа за јавна администрација на Полска

соработува со збратимени институции за едукација на кадар, од секторите за јавна администрација,  надвор од Полска и активно учествува во работата на меѓународните организации кои го поддржуваат развојот на административните науки, вклучувајќи:

- Меѓународен институт за административни науки (IIAS);
- Меѓународна асоцијација на училишта и институти за администрација (IASIA);
- Директори на институти и училишта за јавна администрација (ДИСПА); и,
- Мрежа на институти и училишта за јавна администрација во Централна и Источна Европа (NISPAcee).[29]

## VI. Република Австрија

**Федералната административна академија (ВАБ)** е централен институт за обука и дообразување на вработените во јавните служби. Како еден од најголемите институти за стручна обука во земјата, VAB нуди обемна програма за курсеви за околу 10.000 учесници секоја година.[30] Едукативната програма која се однесува на јавниот сектор во Австрија, а кој го спроведува академијата, е на клучната тема „Идна работа во администрацијата“ во образовната 2024 година. *Future of Work* е нов начин на размислување за работата. Вработените треба да бидат способни да ја обликуваат својата работа со високо ниво на лична одговорност. Во духот на концептот „Иднина на работата“, работата се прилагодува на луѓето и нивните потреби, а не обратно. Истата се однесува на разработка на флексибилното работно време, работа од дома, концептите за креативна канцеларија или дигиталната комуникација и работните методи можат да претставуваат „**New Work“.** Исто така, програмата го разработува и ментално и физичко здравје, како и понуди за здрава исхрана и можности за понатамошно развивање на личните вештини. Административната академија нуди обука со фокус на „Иднината на работата“. Постојат курсеви за обука за понатамошно развивање на лидерски вештини и креативни техники за решавање проблеми. Вработените можат да научат нови методи на комуникација или како да користат нови медиуми.[31] **Обуките** кои ги спроведува Академијата се:

- основни обуки;
- секторски обуки;
- онлајн обуки;
- едукативната програма „Иднина на работата“;
- обуки кои ги спроведува Академијата, а се со стекнување на дипломи, како и курсеви за понатамошно образование;

https://ksap.gov.pl/ksap/wsparcie-administracji/projekty-zakonczone, https://ksap.gov.pl/ksap/wsparcie-administracji/projekty-aktualnie-realizowane пристапено на 5.3.2024

[29] Интернетска страница на Националната школа за јавна администрација на Полска https://ksap.gov.pl/ksap/wsparcie-administracji/wspolpraca-miedzynarodowa пристапено на 5.3.2024

[30] Интернетска страница на Федералната административна академија на Австрија https://www.vab.gv.at/ пристапено на 5.3.2024

[31] Интернетска страница на Федералната административна академија на Австрија https://www.vab.gv.at/aktuelles-themen/future-of-work.html пристапено на 5.3.2024

- обуки со понуди по барање.[32]

Секторските обуки се однесуваат на преку 450 семинари, како и курсеви и сертифицирани програми во 6 специјализирани области и вкупно 28 предметни области, како што се:

- Комуникации и здравство;
- Лидерство и менторство;
- Персонал и организација;
- Јавен менаџмент и управување
- Правда и законодавство;
- Јазици и дигитални апликации.[33]

**Орган** кој ги спроведува обуките во Федералната административна академија е Секторот III/6 на Сојузното Министерство за уметност, култура, јавна служба и спорт.[34]

## VII. Сојузна Република Германија

**Федералната академија за јавна администрација** е централна институција за напредна обука за федералната администрација. Основана е во 1969 година и е независен орган на Сојузното Министерство за внатрешни работи.[35] **Задача** на академијата е обезбедување практично ориентирана напредна обука за федералниот административен персонал. Меѓуресорскиот пристап на Федералната академија промовира размена на идеи и искуства помеѓу различни гранки на федералната администрација.[36] **Целта** на академијата е постигнување на највисоко можно ниво на траен квалитет, ефективност и ефикасност, преку дизајнирање на програми и услуги и избор на соодветни инструктори и обучувачи.[37] **Орган** на академијата е Советодавниот одбор.[38] Академијата користи електронска платформа за учење и интерактивен систем за понатамошна обука за Федералната администрација (IFOS).[39] IFOS-BUND ® е интерактивен напреден систем за обука за федералната администрација. Системот се базира на интернет технологии. Сите сојузни власти и нивниот персонал имаат пристап до најновите информации за курсевите понудени од

[32] Интернетска страница на Федералната административна академија на Австрија https://www.vab.gv.at/bildungsprogramm.html пристапено на 5.3.2024
[33] Интернетска страница на Федералната административна академија на Австрија https://www.vab.gv.at/bildungsprogramm/fachbereiche.html пристапено на 5.3.2024
[34] Интернетска страница на Федералната административна академија на Австрија https://www.vab.gv.at/service-und-kontakt.html пристапено на 5.3.2024
[35] Интернетска страница на Федералната академија за јавна администрација на Германија https://www.bakoev.bund.de/EN/01_Bundesakademie_englisch/aboutUs_node.html пристапено на 8.3.2024
[36] Интернетска страница на Федералната академија за јавна администрација на Германија https://www.bakoev.bund.de/EN/01_Bundesakademie_englisch/01_tasks/tasks.html?nn=d7f3f363-71b1-489f-8be8-02309eb2c005 пристапено на 8.3.2024
[37] Интернетска страница на Федералната академија за јавна администрација на Германија https://www.bakoev.bund.de/EN/01_Bundesakademie_englisch/02_mission_statement/mission_statement_node.html#doca2147580-2466-4867-8a55-c8d426547fa0bodyText3 пристапено на 8.3.2024
[38] Интернетска страница на Федералната академија за јавна администрација на Германија https://www.bakoev.bund.de/EN/01_Bundesakademie_englisch/05_advisory_board/advisory_board_node.html#Start пристапено на 8.3.2024
[39] Интернетска страница на Федералната академија за јавна администрација на Германија https://www.bakoev.bund.de/EN/02_OurOffer/ourOffer_node.html пристапено на 8.3.2024

Федералната академија за јавна администрација (BAköV) и другите федерални институции за обука. IFOS-BUND ® е интерактивна комуникациска платформа за сите вклучени во процесот на напредна обука. Системот нуди документи и линкови на тема напредна обука, како и ажурирани опции за резервации кои заштедуваат време. Сите семинари на академијата се наведени во IFOS -BUND ® под наслов „Понуди на курсеви за обука“.[40] **Обуки** кои ги организира академијата се од следните области:

- Менторство
- Е-учење
- Европската интеграција и меѓународна соработка
- Специјализирани обуки
- Обука за лидерство
- Информациска технологија
- Интеркултурни компетенции
- Отпорна демократија на антидемократски влијанија
- Одржливост и климатска неутралност
- Нова работа
- Развој на човечки ресурси
- Обука за комуникација и соработка и саморазвој
- Обука според целните групи
- Медиуми и односи со јавноста.[41]

Изработила: Александра Стојановска-Бизевска

Одобрил: Илија Милчевски

Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарен институт

______________________________

Златко Атанасов

[40] Интернетска страница на Федералната академија за јавна администрација на Германија https://www.bakoev.bund.de/EN/02_OurOffer/04_ifos_bund/ifos_bund_node.html пристапено на 08.3.2024
[41] Интернетска страница на Федералната академија за јавна администрација на Германија https://www.bakoev.bund.de/DE/02_Themen/themen_node.html пристапено на 08.3.2024

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Предлог Закон за стручно усовршување и обука на административните службеници- интернетска страница на Собрание на РСМ https://www.sobranie.mk/detali-na-materijal.nspx?param=32df0397-1cc3-49de-a3be-6d48b7b5cf92
2. Закон за Националната академија за јавна администрација на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/67/zakon-o-nacionalnoj-akademiji-za-javnu-upravu.php
3. Интернетска страница на Националната академија за јавна управа на Србија https://www.napa.gov.rs/tekst/34/o-nama.php
4. Интернетска страница на Државното училиште за јавна управа на Хрватска https://www.dsju.hr/dsju-o-nama/#djelatnost
5. Интернетска страница на Министерството за правда и администрација на Хрватска https://mpu.gov.hr/gradjani-21417/iz-djelokruga/strucno-osposobljavanje-i-usavrsavanje-24389/drzavna-skola-za-javnu-upravu-24392/24392
6. Интернетска страница на Министерството за државна администрација на Словенија - Дирекција за квалитет - Административна академија https://ua.gov.si/o-nas/o-upravni-akademiji/
7. Интернетска страница на Административната академија на Словенија https://www.gov.si/en/state-authorities/ministries/ministry-of-public-administration/about-the-ministry/directorate-of-quality/administration-academy/
8. Интернетска страница на Националната школа за јавна администрација на Полска https://ksap.gov.pl/ksap/en/history-of-ksap
9. Интернетска страница на Владата на Полска https://www.gov.pl/web/civilservice/ksap-en
10. Интернетска страница на Федералната административна академија на Австрија https://www.vab.gv.at/
11. Интернетска страница на Федералната академија за јавна администрација на Германија https://www.bakoev.bund.de/EN/01_Bundesakademie_englisch/aboutUs_node.html


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384